**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,32 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 15-та седница на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 6. - Предлог на закон за изменување на Законот за одбрана.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно член 122 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2./3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

За процедурално се јави госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Повторно ја користам деловничката можност да го кажам ставот на пратеничката група на СДСМ во измените и дополнувањата на Законот за одбрана.

Пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи донесувањето на измените и дополнувањата на овој закон, затоа што сметаме дека овие измени со кои што всушност се дава можност Владата на Република Македонија да одлучува за испраќање на мировни сили надвор од границите на Република Македонија, што во исклучителни случаеви досега го правеше Собранието е спротивно на Уставот, па сметаме дека ваков стандард нема во многу земји кои што се членки на НАТО. Вакви законски решенија нема ниту во земјите кои што се аспиранти во членството во НАТО и на крајот на краиштата не знам зошто вакво брзање кога оваа одредба ќе влезе во практична примена дури откако Република Македонија ќе стане членка на НАТО. Дај боже да станеме членка на НАТО, па ќе ги менуваме вака законите и тогаш кога не бараат од нас.

Исто така, сметам дека пратеичката група на СДСМ смета со ваквите измени на законот за одбрана практично во Република Македонија се избегнува транспарентно, јавно и со дебати во Собранието да се одлучува за испраќање на мировни сили надвор од Република Македонија. Сметам дека ваква одредба не е потребна, затоа што ако се вратиме наназад и видиме во стенограмите, на белешките од работата на ова Собрание, секогаш одлуките за испраќање на мировни сили во Собраниево се носеле со консензус. Никогаш немало поделени мислења, но секогаш пред тоа претходела голема, опширна дебата како во собраниските тела, така и во самото Собрание. Е, сега, со ваквото решение пактично се оневозможува транспарентна, јавна дебата за едно многу важно прашање за кое што во одредени држави дури паѓаат и влади.

Исто така, сметаме дека ова е уште еден упад во надлежноста на претседателот согласно на државата Уставот, затоа што Министерството за одбрана, Владата, секако и Собранието и претседателот имаа поделени надлежности во одбраната. И, ваквата одредба ја исклучува можноста претседателот на Република Македонија да е известен или дополнително да биде известуван за ваквите одлуки на Владата.

Сметаме дека ова не е стандард, е во спротивност со Уставот и во спротивност со надлежностите кои што ги имаат Претседателот на државата, Собранието и Владата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предлогот на законот вкупно гласаа 95 пратеници, од нив за гласаа 81 пратеник, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за одбрана.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 15-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 13,40 часот)